Р е п у б л и к а С е в е р н а М а к е д о н и ј а
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
Телефон 034/371-600 , факс 034/371-600
**www.opstinabosilovo.gov.mk opstinabosilovo1@gmail.com**

Општина Босилово

БР.10-2303/3
22.07.2025

Градоначалникот на општина Босилово,решавајки по барањето на ДПТИ ,,УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ" Велес,поднесено под број 10-2303/1 од 23.06.2025 година,за одобрување на Проектна Програма,врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020,111/23,171/24,40/25,)го издава следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектната програма со технички број 30/25 од јуни 2025 година,изработена од ДПТИ ,,УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ" Велес,за изработка на: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоволтаична електрана со капацитет до 1MW) и уредување на пристап на КП 1050, КП 1057, КП 1058, КП 1066, КП 1488, КП 1489, КП 1493, КП 1494 и дел од КП 1048, КО Штука, Општина Босилово.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот ДПТИ ,,УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ" Велес,поднесе барање за одобрување на Проектна програма,со технички број 30/25 од јуни 2025 година,изработена од ДПТИ ,,УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ" Велес,за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоволтаична електрана со капацитет до 1MW) и уредување на пристап на КП 1050, КП 1057, КП 1058, КП 1066, КП 1488, КП 1489, КП 1493, КП 1494 и дел од КП 1048, КО Штука, Општина Босилово.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1.Барање
2.Проектна програма

Комисијата за урбанизам,формирана од градоначалникот на општина Босилово,со Решение бр.04-1646/1 од 15.07.2022 година и Решение бр.04-1384/1 од 06.05.2025 година,по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид,констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри.

Р е п у б л и к а С е в е р н а М а к е д о н и ј а
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
Телефон 034/371-600 , факс 034/371-600
**www.opstinabosilovo.gov.mk opstinabosilovo1@gmail.com**

Истото го потврди со Предлог одобрување на ПП со бр.10-2303/2 од 11.07.2025година.

Градоначалникот на општина Босилово,по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам,констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020,111/23,171/24,40/25).
Врз основа на тоа а согласно членот 44 од Законот за урбанистичко планирање,донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба,во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа,надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ристо Манчев**

Република Северна Македонија * Градоначалник * Општина Босилово * Босилово